Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Градоначалникот на Град Скопје донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства наменети за спроведување на програми, проекти и активности од областа на културата од интерес за Град Скопје, за дејствување во различни области од културата во градот Скопје.

**Член 2**

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

## II. НАЧИН НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 3**

Доделувањето на финансиски средства наменети за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје, ќе се спроведе по пат на прибирање на затворени писмени пријави преку Јавен повик.

**Член 4**

Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

**Член 5**

Јавниот повик содржи:

- програми, проекти и активности кои ќе бидат поддржани со Јавниот повик, согласно Програмата за финансирање на јавните установи и активностите од областа на културата од интерес на Град Скопје;
- временска рамка и користење на финанските средства;
- основни критериуми кои треба да ги исполнуваат апликантите;
- задолжителна и придружна документација за аплицирање;
- рок и начин на доставување на пријавите;

**Член 6**

Рокот за пријавување изнесува 25 календарски денови од денот на објавата на Јавниот повик.

**Член 7**

На Јавниот повик може да учествуваат физички лица (уметници и самостојни уметници) со живеалиште на подрачјето на градот Скопје кои вршат дејност од областа на културата и правни лица (установи од областа на културата, здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица кои се регистрирани во Централниот регистар на Република Северна Македонија) со седиште на подрачјето на градот Скопје и вршат дејност од областа на културата, согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи.

## III. ОБЛАСТИ ЗА УЧЕСТВО НА АПЛИКАНТИТЕ

**Член 8**

Град Скопје ќе додели финансиски средства за програми, проекти и активности од областа на културата, во следниве области:

- Изведбени уметности
- Музички уметности
- Визуелни уметности и уметност на новите медиуми
- Издавачка и библиотечна дејност
- Музејска дејност и промоција на културното наследство
- Меѓународна соработка
- Креативни индустрии

1. **Изведбени уметности:**

- негување и презентација на националното драмско и музичко - сценско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современи автори;
- презентација на врвни уметнички дела од светската драматургија во Скопје како и дела од областа на музичко-сценските уметности;
- работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко - сценските уметности;
- поддршка на театарски фестивали;
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Скопје и
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во градот Скопје на фестивали и манифестации што се оддржуваат во градови од други држави со кои Град Скопје има воспоставено соработка, а за што мора да биде доставена и покана од организаторот на манифестацијата.

2. **Музички уметности:**

- промоција и изведба на музички дела и творештво со стилска и жанровска разновидност;
- поттикнување и изведба на нови музички форми и изрази;
- поддршка на музички фестивали;

- стимулирање на македонското музичко творештво и музичкото творештво на заедниците кои живет во град Скопје со висока уметничка вредност;
- поддршка на концерти на млади музичари - изведувачи и композитори и
- поддршка на концерти на отворени јавни простори и градски паркови.

3. **Визуелни уметности и уметноста на новите медиуми:**
- ретроспективно - монографски изложби од особено значење за градот Скопје што одразуваат континуитет во уметничкото дејствување во Скопје потврдени од ликовната критика и историјата на уметноста;
- самостојни, групни и други проекти од земјава и од странство што ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во градот Скопје;
- промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните градски површини како и други алтернативни простори за презентација на уметничките дела во градот Скопје;
- подршка на филмски фестивали;
- изложбени проекти од областа на креативните индустрии и
- изложби и проекти на млади уметници областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми (до 35 години).

4. **Издавачка и библиотечна дејност:**
- издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од современиот живот и историјата на Скопје;
- поддршка на книжевно творештво со високи вредности од автори кои творат на македонски јазик и на јазиците на заедниците во градот Скопје;
- дела со исклучителна културна вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за градот Скопје;
- издаваштво наменето за деца и млади;
- за дела на автори со прво издание задолжителни се две (2) рецензии и
- за дела на автори со повеќе издадени книжевни дела, задолжителна е една (1) рецензија.

5. **Музејска дејност и промоција на културното наследство:**
- презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство во градот Скопје;
- користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот;
- организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на територијата на град Скопје.

6. **Меѓународна соработка:**
- соработка и учество на меѓународни манифестации, фестивали и проекти врз основа на реципроцитет за што треба да се достави покана од организаторот;
- програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на градот Скопје, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка (грант) од фондовите на Европската Комисија, УНЕСКО и/или други меѓународни фондови и

- соработка и реализирање на заеднички проекти со организации, установи и поединци од:
  а) збратимените градови со Град Скопје,
  б) градови со што е воспоставен протокол или програма за соработка и
  в) градови што соработуваат со Град Скопје врз основа на воспоставен контакт (https://skopje.gov.mk/) – линк на официјалниот портал на Град Скопје.

7. **Креативни индустрии:**

- поддршка и иницирање на нови активности за развој и поттикнување на креативните индустрии, организирање на фестивали за креативни индустрии;
- создавање услови за работата во областите на креативните сектори (ИТ технологии, нови медиуми, видео - филм и анимација, современ продукт - дизајн, индустриски, моден, мебел - дизајн и друго);
- промоција на вредности, производи и услуги од областа на креативните индустрии како што се: дизајн (индустриски, графички, моден дизајн), мебел дизајн и архитектура, аудио - визуелени уметности, нови медиуми, ИТ технологии, изведбени уметности и други;
- поттикнување на претприемачките и бизнис вештини кај младите, уметниците, дизајнерите и поединците/групите во рамките на креативните сектори;
- активности со продажен потенцијал (вклучувајќи и попап продавници);
  стимулација, реализација, презентација и развој на креативните индустрии

## IV. ОСНОВНИ И ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ

### 1.Основни критериуми

**Член 9**

Апликантите кои учествуваат на Јавниот повик, за исполнување на основните критериуми се должни да ја достават следнава документација:

**Правните лица** - установи од областа на културата, здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица да достават:
а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
б) Копија од Решение за упис во Централен регистар на Република Северна Македонија;
в) Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
г) Потврда за отворена и активна жиро сметка во банка;
д) Референтна листа за претходно организирани и реализирани програми, проекти, програмски активности и манифестации во последните три години.

**Физичките лица** - уметници и самостојни уметници да доставаат:
а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk);
б) Кратка биографија и CV на апликантот;
в) Доказ за жителство во градот Скопје;

г) Копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на апликантот, не ополномоштена од трето лице, а доколку апликантот е малолетно лице трансакциската сметка треба да е исклучиво лична на апликантот ополномоштена од родител/старател).

**2.Посебни критериуми**

**Член 10**

(1) Посебните критериуми за доделување на финансиски средства од областа на културата во доменот на професионално делување во културата, младинско делување во културата и аматерско делување во културата од интерес за Град Скопје, се бодуваат на следниот начин:

1. **Професионално делување во културата**

| Критериум | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Структура и капацитети на апликантот** | **25** |
| Искуство во реализација на културни проекти | 10 |
| Стручност на проектниот тим | 10 |
| Јавна и онлајн видливост | 5 |
| **2. Буџет и финансиска одржливост** | **25** |
| Детален и јасен финансиски план | 10 |
| Оправданост и реалност на трошоците | 10 |
| Дополнителни извори на финансирање | 5 |
| **3. Квалитет на програмата/проектот** | **50** |
| Разработеност и јасност на програмата | 10 |
| Придонес кон општите и посебните цели | 20 |
| Иновативност, оригиналност и креативност | 15 |
| Партнерства и институционална поддршка | 5 |
| **ВКУПНО** | **100** |

2. **Младинско делување во културата**

| Критериум | Максимум бодови |
|---|---|
| Квалитет и искуство на апликантот | 20 |
| Буџет и финансиска оправданост | 20 |
| Квалитет и иновативност на проектот | 40 |
| Младинско учество и опфат | 20 |
| **ВКУПНО** | **100** |

3. **Аматерско делување во културата**

| Критериум | Максимум бодови |
|---|---|
| Разработеност на програмата | 25 |

| Критериум | Максимум бодови |
|---|---|
| Буџет и оправданост на трошоците | 25 |
| Квалитет, релевантност и иновативност | 40 |
| Партнерства и поддршка | 10 |
| **ВКУПНО** | **100** |

(2) Комисијата ќе врши бодување за програми, проекти и активности од областа на културата за: Изведбени уметности, Музички уметности, Визуелни уметности и уметност на новите медиуми, Издавачка и библиотечна дејност, Музејска дејност и промоција на културното наследство, Меѓународна соработка и Креативни индустрии.

(3) Комисијата ќе ги прифати пријавите кои согласно критериумите и бодовните листи утврдени со Правилникот ќе обезбедат најмалку 60 бодови.

## V. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### 1.Комисија за избор

**Член 11**

(1) За утврдување на исполнувањето на критериумите за доделување на финансиски средства од член 16 од овој Правилник, Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје (во понатамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата е составена од претседател, заменик претседател, 2 членови и нивни заменици.
Комисијата од ставот 1 на овој член има задача:
- да ја спроведе постапката по Јавниот повик;
- да го утврди исполнувањето на критериумите утврдени со овој Правилник и Јавниот повик и
- да достави предлог до Градоначалник на Град Скопје за усвојување на пријавите на оние апликанти кои ги исполнуваат критериумите.

(3) Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата во рок од 15 дена од денот на доставување на предлогот носи Решение за доделување на финансиски средства.

### 2.Начин и место на поднесување на пријавите

**Член 12**

(1) По објавениот Јавен повик, апликантот преку Архивата на Град Скопје во затворен плик поднесува пријава со потребната документација, пополнета електронски, потпишана и заверена/печатирана од одговорното лице на правното лице-апликант односно пополнета и потпишана од физичкото лице-апликант.

(2) Пријавата со потребната документација апликантите ја поднесуваат до Комисијата со назнака: Сектор за јавни дејности - Комисија за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје.

(3) Архивата на Град Скопје доставените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута).

(4) Рачно пополнетите пријави воопшто нема да бидат разгледувани.

(5) Ненавремените пријави нема да бидат разгледувани.

**3. Постапка за избор**

**Член 13**

(1) По објавување на Јавниот повик, Претседателот на Комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави, во однос на тоа дали се навремени, уредни и дали ја содржат потребната документација.

(2) Во постапката за разгледување на пријавите, Комисијата ги зема во предвид само навремено поднесените пријави.

(3) Како навремено поднесена пријава ќе се смета пријавата предадена во рокот определен во Јавниот повик.

(4) За текот на одржаниот состанок се води Записник со прилог бодовна листа.

(5) Во Записникот, Комисијата констатира дали пријавите се навремени, комплетни и дали ги исполнуваат критериумите од објавениот Јавен повик.

(6) За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите, Комисијата изготвува предлог за доделување на финансиски средства на апликантите.
(7) Предлогот за доделување на финансиски средства го потпишува Претседателот на Комисијата и го доставува до Градоначалникот на Град Скопје.

(8) За пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик, Комисијата писмено ги известува апликантите.

**Член 14**

При отворањето на пријавите Комисијата утврдува:
- место, ден и час на отворање на пријавите;
- редот на отворање на пријавите со внесување на податоци за секоја пријава;
- резултатот од прегледот на пријавите и назначување на пријавите што не ги исполнуваат критериумите за учество по Јавниот повик, со објаснување на причините за тоа;
- исполнетост на критериумите од овој Правилник и Јавниот повик.

**Член 15**

Проценката на квалитетот на програмите, проектите и активностите на заинтересираните апликанти кои ги исполнуваат критериумите, како и бодувањето на најдобрите предлог програми, проекти и активности, ќе го изврши Комисијата.

**Член 16**

(1) Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата донесува Решение за доделување на финансиски средства.

(2) Избраните апликанти ќе склучат договор со Град Скопје со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

## VI. ПОНИШТУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 17**

(1) Градоначлникот на Град Скопје ќе го поништи Јавниот повик доколку:
- не е пристигната ниту една пријава;
- пристигнатите пријави не ги исполнуваат критериумите утврдени во член 16 од овој Правилник и
- Градоначалникот на Град Скопје не донесе решение за избор во рок од 15 дена од денот на доставување на Предлогот од Комисијата.

(2) Комисијата писмено ги известува апликантите доколку се поништи Јавниот повик и не се донесе Решение за доделување на финансиски средства.

## VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Град Скопје преку Секторот за јавни дејности и Секторот за финансиски прашања води евиденција за сите пријави со доделени финансиски средства од Буџетот на Град Скопје согласно овој Правилник и сите донесени Решенија од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 19**

Со влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за програми, проекти и активности од областа на културата од интерес на Град Скопје бр.08-3216/1 од 22.03.2024 година.

**Член 20**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 08 - 1828/1
13-02-2026.2026 година
Скопје

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT